ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ**

# ПОЗИТИВЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФЗОМ ВО 2006 ГОДИНА

**15.04.2008, Скопје**
Според ревизорскиот извештај за 2006 година кој е објавен во петок, финансиските извештаи на ФЗОМ ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба и резултатот од финансиските активности.на Фондот за 2006-та год.

Отстапките, за кои детално е констатирано дека се отстранети во 2007, утврдени се за точки од извештајот, и се однесуваат на:

1. Системот на интерни контроли
2. Несоодветната примена на акти
3. Несоодветната примена на сметководствени политики и начела
4. Неправилностите во искажувањето на позициите во Билансите на успех и на состојба
5. Несоодветното користење на средства

Сепак и покрај коментарите за утврдените неправилности во 2006-та година Ревизијата констатира нивно целосно отстранување од страна на Фондот преку превземените мерки и активности во 2007 година! Сегашното раководство на ФЗОМ е на чело на институцијата од ноември 2006 година.

Исто така е утврдено дека во ФЗОМ е остварено, за прв пат, законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

Целта на ревизијата на финансиските извештаи на јавните институции е да утврди дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

Целиот ревизорски извештај е достапен на www.dzr.gov.mk .

Ви стоиме на располагање за сите подетални информации.